БР.1 година I Јануари 2010

# МАК

## МЕСЕЧНИК ЗА АНТИКОРУПЦИЈА



- Да се поддржи борбата против корупцијата на Балканот
- Вања Михајлова: Статусот на антикорупциските агенции во регионот: колку се навистина независни?
- Како медиумите во Македонија да известуваат за корупцијата попрофесионално, понезависно и побјективно?
- Истражување: Резултати од годишниот мониторинг на процесот на јавни набавки во РМ
- Став: Да се воведе надзор и контрола врз јавните набавки
- Анализа: Електронските јавни набавки како бариера за корупцијата – реалност или мит?

# За месечникот

Центарот за граѓански комуникации е основан во април 2005 година, како невладино, непартиско и непрофитно здружение на граѓани. Веќе пет години секојдневно работиме на намалување на просторот за корупција во Македонија и на промовирање на принципите на „доброто владеење“, и на централно и на локално ниво.

Фокусирани сме на спроведување на два вида меѓусебно поврзани активности: мониторинг и откривање на корупциски практики и врз основа на тоа препорачување на мерки и политики за намалување на просторот за корупција и унапредување на способноста на новинарите и на посебната улога на медиумите во борбата против корупцијата во земјава.

Во текот на секојдневното работење, ние и експертите со кои соработуваме доаѓаме до многубројни информации за корупциски и антикорупциски практики кај нас и во земјите од регионот и светот.

Со објавувањето на овој месечник за антикорупција и „добро владеење“ сакаме да ги поделиме тие информации со пошироката јавност, пред сѐ со претставниците на јавната администрација за кои сметаме дека се и најодговорни за борба против корупцијата и за воспоставување и почитување на принципите на „доброто владеење“.

Истовремено, нудиме и експертски анализи кои можат да послужат како извори на идеи и примери за подобрување на сегашната состојба со корупцијата во Македонија.

Отворени сме и сакаме да ни ги испраќате вашите мислења, идеи и ставови за антикорупциски теми и за практики на „доброто владеење“, но и да ни посочите на коруптивни практики и воопшто на постоење на простор за корупција. Тоа ќе ни послужи како основа за натамошно артикулирање на тие практики и проблеми, но и како помош при спроведување на нашите идни антикорупциски активности.

Корупцијата е едно од најголемите зла во Македонија, која ги уназадува развојот и напредокот на економијата, општеството и на луѓето кои живеат во него, ги нарушува конкуренцијата и слободното дејствување на фирмите на пазарот, го оневозможува владеење на вистинските вредности во животот и во работата, ги принудува младите и образовани луѓе да ја напуштаат земјава и овозможува незаконски бенефиции и богатење на државни функционери на сметка на осиромашување на другите луѓе и на уништување и злоупотреба на јавните добра.

Затоа, посочувајќи на корупциските практики и нудејќи идеи, добри примери и решенија од земјава и од странство, сметаме дека овој месечен билтен во крајна линија ќе придонесе за намалување на корупцијата во земјава и за унапредување на „доброто владеење“.

Издавањето на месечникот го поддржува Swiss Agency for Development and Cooperation (SDC), во рамките на програмата CIVICA Mobilitas имплементирана од Центарот за институционален развој (ЦИР-а), за што сме им искрено благодарни.

center@ccc.org.mk

„Оваа публикација беше овозможена во согласност со Договорот за грант број IG – 23 – 09, во рамките на програмата CIVICA Mobilitas имплементирана од ЦИРа и финансиски поддржана од СДЦ. Сите наведени содржини претставуваат мислења на авторите и нужно не ги рефлектираат мислењата на ЦИРа и СДЦ“.

**Издава:**
Центар за граѓански комуникации

**Уредувачки одбор:** Герман Филков, Сабина Факиќ, Елена Ристевска

**Лектор:**
м-р Татјана Б. Ефтимоска

**Подготовка и печат:**
Винсент Графика

**Тираж:**
200 примероци

CIVICA mobilitas ...towards common values!

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

## ВО ОВОЈ БРОЈ

Корупцијата е распространета насекаде во светот, особено во регионот на Балканот. Граѓаните на Црна Гора сметаат дека ја има најмногу во здравството, во Србија од годинава почна да работи Агенција за борба против корупцијата, а новоизбраниот претседател на Хрватска победи како антикорупциски кандидат. Угледниот британски весник Фајненшл Тајмс ја повикува ЕУ да ја поддржи борбата против корупција во балканските земји. Шпанија никако да стави крај на скандалите со корупција во градежништвото на локално ниво, а во Кина се проценува дека во последните 30 години јавните функционери ставиле в џеб 50 милијарди долари. Овие вести се на првите страници од овој месечник.

Во продолжение, антикорупцискиот експерт Вања Михајлова ја анализира и споредува улогата и независноста на антикорупциските тела во земјите од регионот и нуди препораки за унапредување на ефикасноста на ова тело кај нас.

Следи краток приказ на резултатите од неодамнешното истражување кое покажува дека медиумите во земјава не ја играат својата општествено важна улога во борбата против корупцијата, како и препораки за мерки што треба да се преземат за попрофесионално, понезависно и пообјективно известување за овој сериозен проблем.

Во фокусот на овој број се и јавните набавки. Годишното истражување на процесот на јавни набавки кај нас покажува дека сè уште постои сериозен простор за злоупотреба и неефикасно трошење на јавните пари.

Експертот за јавни набавки Дарко Јаневски ги анализира предностите и слабостите од примената на електронските набавки од аспект на нивната улога во намалување на корупцијата.

Воведување на надзор и контрола во јавните набавки кај нас препорачува во својот став, Мирослав Трајановски, правен експерт за јавни набавки.

Се надеваме дека понудените теми ќе го предизвикаат вашиот интерес и ќе придонесат секој од нас, во областа на своето работење, да помогне во поголема и подоследна примена на принципите и начелата на доброто владеење.




БР.1 година I

# МАК

## МЕСЕЧНИК ЗА АНТИКОРУПЦИЈА

## СОДРЖИНА


- 4 ВЕСТИ
- 6 АНАЛИЗА
  Вања Михајлова: Статусот на антикорупциските агенции во регионот: колку се навистина независни?
- 9 ИСТРАЖУВАЊЕ
  Како медиумите во Македонија да известуваат за корупцијата попрофесионално, понезависно и побјективно?
- 12 ЈАВНИ НАБАВКИ
  Истражување: Резултати од годишниот мониторинг на процесот на јавни набавки во РМ
  Став: Да се воведе надзор и контрола врз јавните набавки
  Анализа: Електронските јавни набавки како бариера за корупцијата – реалност или мит?

## ПОЧНА ДА РАБОТИ АГЕНЦИЈАТА ЗА БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА ВО СРБИЈА

БЕЛГРАД, 1 јануари 2010 (БЕТА)–Денес официјално почна да работи Агенцијата за борба против корупцијата. Законот за Агенцијата, со кој е основано ова независно тело, е усвоен во октомври 2008 година, а денеска почнува да се применува. Во текот на 2009 година, Скупштината на Србија избра членови на Одборот на Агенцијата, а тоа тело ги избра директорот Зоран Марковиќ и неговиот заменик Владимир Јанковиќ.
Агенцијата ги презема надлежностите, предметите и вработените во Одборот за решавање на судирот на интереси и ја почнува работата со повеќегодишно искуство во таа област, со дваесетина нерешени предмети и со 13 вработени, а до јуни треба да вработи 47 луѓе.
Покрај судирот на интереси и пријавувањето на имот и подароци, во надлежност на Агенцијата е контрола на финансирање на партиите и изборните кампањи, што досега требаше да го прават скупштинскиот Одбор за финансии и Републичката изборна комисија.
Кон крајот на 2009 година, работната група која ја собра Агенцијата ја почна анализата на Законот за финансирање на партиите и анализата на предлогот за негова измена. Агенцијата ќе го следи спроведувањето на антикорупциската стратегија и акцискиот план, како и воведувањето планови за интегритет во државните институции.

## ГРАЃАНИТЕ НА ЦРНА ГОРА НАЈМНОГУ КОРУПЦИЈА ГЛЕДААТ ВО ЗДРАВСТВОТО

ПОДГОРИЦА, 21 јануари 2010 (БЕТА)–Граѓаните на Црна Гора сметаат дека корупцијата е најмногу присутна во здравството, потоа во инспекциите, во полицијата и со судството, се резултатите на денеска објавената анкета.
Според анкетата од првата половина на ноември 2009 година, по нарачка на црногорската Управа за антикорупциска иницијатива, од 1111 испитаници во девет црногорски општини, 18 отсто го навеле здравството како област во која корупцијата е најизразена.
13 отсто анкетирани ја навеле полицијата, а 12,6 отсто – правосудните органи. 19 отсто навеле дека им е побарано мито, додека 16 отсто одговориле дека нуделе мито.
Директорката на Управата за антикорупциска иницијатива Весна Ратковиќ, на состанокот на кој се претставени резултатите од анкетата, рече дека половина од испитаниците оценуваат дека државните органи на Црна Гора биле „делумно успешни“ во борбата против корупцијата.
Според Ратковиќ, граѓаните повеќе би пријавувале случаи на корупција кога би имале поголема доверба во заштитата на нивната анонимност и кога би биле сигурни дека државните органи ќе постапат по пријавата.
Шефицата на мисијата на ОБСЕ во Црна Гора Параскива Бадеску, на истиот состанок, оцени дека „и натаму е неопходна посветена и ефикасна работа“ во борбата против корупцијата. Таа рече дека спротивставувањето на корупцијата е меѓу највисоките државни приоритети на Црна Гора.

**Антикорупциски кандидат победува на хрватските избори**

БРИСЕЛ, 11 јануари 2010 година (EUOBSERVER)–Социјалдемократскиот професор по право и композитор на класична музика Иво Јосиповиќ победи на хрватските претседателски избори во неделата (10 јануари), ветувајќи дека ќе застане зад напорите на централно-десничарската влада против корупцијата, на патот кон пристапување во ЕУ.
Г. Јосиповиќ победи на изборите со убедливи 60,2 проценти против неговиот популистички ривал, Милан Бандиќ, според официјалните резултати објавени во понеделникот. Поранешниот претседател на Здружението на хрватските композитори го спореди настанот со „победоносна симфонија“. И покрај тоа што доаѓа од противничкиот политички кампус, г. Јосиповиќ вети дека ќе ја поддржи заложбата на централно-десничарската премиерка Јадранка Косор да ги спроведе реформите и да се бори против корупцијата, како што е побарано од Брисел за финализирање на пристапните преговори за ЕУ.
„Силно верувам дека сите ние сакаме подобра Хрватска, со повеќе правда, дека сакаме земја во која работата е наградена, а криминалот е казнет“, рече тој.
Поранешната југословенска земја има слаби резултати во борбата против поткупот и организираниот криминал, но неодамна назначената премиерка почна серија на реформи и нови истраги во државните фирми. Десетина официјални претставници се веќе притворени, јавува АФП.
Како резултат на тоа, г-ѓа Косор се судри со врвот на својата партија, Хрватската демократска унија (ХДЗ). Пред осум дена, таа беше принудена да го блокира обидот за враќање на поранешниот премиер Иво Санадер, кој беше сфатен како обид да се запрат нејзините акции.
„Верувам дека г. Јосиповиќ ќе ги поддржи владините напори и дека успешно ќе соработуваме за доброто на сите наши граѓани“, рече г-ѓа Косор во понеделникот, јавува Ројтерс.
Сојузништвото на г-ѓа Косор со г. Јосиповиќ, кој има чисто досие, може да помогне за создавање на критична маса во двете партии за преземање на енергични мерки од заеднички интерес.
Наспроти ова, противникот на г. Јосиповиќ на изборите, популистичкиот загрепски градоначалник Милан Бандиќ, се соочува со неколку обвинувања за корупција.
Најголем дел од извршната моќ лежи кај премиерот, особено на економско поле, каде што земјата се бори со рецесијата и со растечката невработеност. Шефот на државата, и покрај тоа, е врховен командант на оружените сили и има големо влијание во надворешната политика.
Популистичко-центристичкиот претседател во заминување, Стјепан Месиќ, кој ја доведе Хрватска на патот на членство во ЕУ, ја напушта политичката арена во февруари, откако му завршува неговиот втор петгодишен мандат.
Популарноста на г. Месиќ најверојатно ќе биде достигната и од г. Јосиповиќ, барем кај уметничката и музичката зеедница, кои го поддржаа во неговиот промотивен видеоспот.

## ФТ: ДА СЕ ПОДДРЖИ БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

ЛОНДОН, 14 јануари 2010 (ФоНет)–Европската унија би требало да понуди поголема поддршка во борбата против корупцијата во Србија и во другите балкански земји, пишува лондонски „Фајненшл Тајмс“.
Борбата против корупцијата во Хрватска доби нов замав со изборот за шеф на државата на Иво Јосиповиќ, кој вети дека бескомпромисно ќе се бори против организираниот криминал и корупцијата, наведува весникот.
„Фајненшл Тајмс“ оценува дека исполнувањето на тоа ветување е од клучна важност за влез во ЕУ не само на Хрватска, туку и на другите, „многу понестабилни“ држави на просторот на поранешна Југославија.
Хрватска, од убиството на новинарот Иво Пуканиќ во 2008 година, напредуваше во борбата против корупцијата и организираниот криминал со кадровски промени во полицијата и во правосудството, како и со серија истраги за корупција на истакнати официјални претставници, со што го уништи митот дека на Балканот тој проблем е нерешлив.

Властите во Загреб сепак мораат да одат натаму во пресметката со официјалните луѓе кои сакаат да ја комбинираат „политиката со профитот“ и нивната решителност во таа борба, освен од поддршката на домашната јавност, зависи и од притисокот од ЕУ, наведува „Фајненшл Тајмс“.
Весникот пишува дека Брисел е во право кога инсистира Загреб да го реши прашањето за корупција пред планираниот влез во ЕУ во 2012 година, а не по него, па дури и по цена приклучувањето да биде одложено.
Искуството со Романија и Бугарија, на кои им е дозволен влез во ЕУ пред во нив да бидат совладани организираниот криминал и корупцијата, претставува предупредување дека не треба да се брза со приемот на нови членки.
Брисел има вистинско влијание врз земјите само пред, а не и по нивното зачленување во Европската Унија, оценува „Фајненшл Тајмс“.
Весникот го наведува примерот на Грција, каде што 29 години по влезот во Унијата, корупцијата е раширена како и во другите балкански држави.
„Фајненшл Тајмс“ пишува дека Брисел би требало да ги комбинира строгите барања со адекватна поддршка на земјите кандидати пред нивното планирано влегување во Унијата.

## КОРУМПИРАНИ КИНЕСКИ ФУНКЦИОНЕРИ СТАВИЛЕ В ЏЕБ 50 МИЛИЈАРДИ

ПЕКИНГ, 11 јануари (AFP)–Илјадници функционери избегале од Кина во последните 30 години со околу 50 милијарди долари од јавни фондови, објавија државните медиуми, додека Владата се труди да го зазузда напливот на корупција.
Дури 4000 функционери исчезнале со помош на криминални банди, претежно во Соединетите држави и во Австралија. За перење на нивните нечесно стекнати средства, купувале недвижен имот и создавале лажни идентитети, објави Global Times.
Се формирала заедничка работна група која вклучила 15 кинески министерства за да ја задуши корупцијата во владините редови, објави весникот.
Во 2009 година, надлежните истражиле 103 случаи на патувања на 300 функционери надвор од земјата, објави весникот, цитирајќи партиски функционер задолжен за дисциплински мерки.
Во еден случај, исчезнувањето во Франција во 2008 година на Јанг Ксиангонг, врвен функционер на Комунистичката партија од градот Вензхоу, доведе до апсење на неговата сопруга, која беше обвинета за обид за перење на 20 милиони јуани (2,9 милиони долари), наведува весникот.
Весникот не дава детали како педесетте милиони долари биле префрлени во странство или како функционерите се поврзуваат со криминалните банди во странство.
Кинескиот претседател Ху Џинтао со години ја има поставено борбата против државната корупција како приоритет, изјавувајќи дека ова зло е прашање на живот и смрт за владејачката Комунистичка партија.
Во последниве години, Кина прави напори да договори повеќе повелби за екстрадиција со западните земји, за да ѝ помогнат да ги врати во земјата и да ги казни функционерите кои пребегнуваат во странство со јавни фондови.

## ШПАНИЈА ПРЕДВИДУВА БЕСКРАЈНА СЕЗОНА НА ПОЛИТИЧКИ СКАНДАЛИ

4 јануари 2010 година (National Public Radio) – Корупцијата има долга традиција во Шпанија. Сепак, во последно време земјата се соочи со експлозија од скандали.
Стотици градоначалници и други официјални претставници од целата земја се под истрага за поткуп и злоупотреба на влијанието, а полицијата веќе заплени имот вреден милијарди долари. Владата и опозицијата се согласуваат дека работите мораат да се менуваат.
Боадилја дел Монте, мал планински град на околу половина час западно од Мадрид, стана озлогласен во Шпанија поради својот поранешен градоначалник, Артуро Гонзалез Панеро. Тој беше принуден да поднесе оставка на почетокот од оваа година откако беше вмешан во мрежа на влијание проширена сè до Мадрид, Валенсија и Коса дел Сол. Судот во Мадрид замрзна милиони долари од неговиот имот.
Нивес Кастилјехо работеше за фирма за доставување храна која ги организирала забавите во домот на градоначалникот. „Имаше повеќе пари отколку што може да заработи еден градоначалник“, вели таа. „Тоа може да го видите според сликите, скулптурите, но и според доставената храна – како кавијар и слични нешта.“
Кастилјехо вели дека корупцијата била јавна тајна во градот. „Знаевме дека нешто смрди, но не знаевме до кој степен“, вели таа.
Боадилја дел Монте е само една од многуте шпански општини оцрнети со скандал. Според Министерството за внатрешни работи, близу илјада луѓе се уапсени во антикорупциски истраги во последните пет години. Полицијата заплени имот вреден повеќе од 4 милијарди долари, вклучувајќи уметнички дела, луксузни возила и стотици бикови за борба.
Многу од скандалите се вртат околу издавање на дозволи за градба. За време на минатата деценија, Шпанија беше центарот на еден од најголемите градежни „бумови“ во Европа. Пренамена на одредено земјиште за градба може неколкупати да ја зголеми неговата вредност.
Во Валенсија, политичарите исто така земаат пари и подароци во замена за договори за организирање јавни настани, вклучувајќи ја посетата на папата Бенедикт XVI на градот во 2006 година. Фирмата со којашто беше склучен поддоговор за телевизиски пренос на мисата на папата наводно пренасочила повеќе од 2 милиона евра во илегални цели, според весникот Ел Паис.
Сликите на телевизиските вести кои покажуваат како полицијата апси градоначалници или други официјални претставници на локалните влади станаа речиси дневен ритуал во последно време.
Професорот по политики науки Мануел Вилјориа вели дека долгите години под диктатурата на Франко, која траеше од 1939 до 1975 година, влијаеше Шпанците да не веруваат во политичкиот систем. Фаворизирањето опстанува бидејќи многу луѓе се потпираат на „врски“ за да ги завршат работите.
„Дури и судии ме повикуваат и ме прашуваат: ‚Еј, зошто тој-и-тој студент не е примен на вашиот универзитет? Може да направите нешто во врска со тоа?’“, вели Валјориа, член на Бордот на шпанската филијала на Транспарентност Интернационал, невладина организација која промовира чесно однесување.
„Дури и судии! Толку е присутно во нашата култура“, додава тој.
Но, политичарите на национално ниво се загрижени за лошите критики врз нивните партии како резултат на скандалите. Владејачката Социјалистичка партија и опозициските конзервативци планираат да предложат нов закон за локална администрација оваа пролет. Експертите велат, за нешто навистина да се смени, законот би требало да ја заузда речиси диктаторската моќ што многумина шпански градоначалници сè уште ја уживаат.

**Вања Михајлова,** антикорупциски експерт

# СТАТУСОТ НА АНТИКОРУПЦИСКИТЕ АГЕНЦИИ ВО РЕГИОНОТ: КОЛКУ СЕ НАВИСТИНА НЕЗАВИСНИ?

*Во светот има разни видови на антикорупциски служби, со различни надлежности. Без оглед на видот, нивната независност е услов за успешна борба против корупцијата и за отстранување на политичкото влијание врз нивната работа. Потребни се промени кај сегашниот статус на членовите на ДКСК, на постапката за нивни избор, на контролата врз работата и на критериумите за разрешување на членовите, според искуствата и решенијата од другите земји.*

Потребата од формирање на специјализирани антикорупциски агенции заради превенција и борба против корупцијата е посочена во повеќе меѓународни документи. Од особено значење е Конвенцијата против корупцијата на ООН од 2003 година, која бара од државите да формираат посебни антикорупциски служби и да обезбедат неопходни предуслови за нивно ефикасно функционирање. На европско ниво, како позначајни документи се 20-те Водечки принципи и Казнената конвенција против корупцијата.

Во светот постојат разни видови на антикорупциски служби, кои имаат различни надлежности:

1. Антикорупциски служби кои преземаат истражни мерки и покренуваат обвинувања за коруптивни кривични дела. Овој вид на антикорупциски служби е најчест тип, но постојат различни поттипови. Најчесто се специјализирани одделенија во рамките на МВР или определен број на специјализирани обвинители во Јавното обвинителство.

2. Агенции за превенција на корупцијата - чија главна функција е прибирање на информации за корупцијата, идентификување на ризиците за корупција и предлагање правни лекови до надлежните органи, предлагање на измена на законите, елаборација и имплементација на етичките кодекси, обука, внатрешна контрола и сл. Во одделни случаи, овие агенции можат да поднесат иницијативи за казнено гонење пред Јавното обвинителство. Овој вид на агенции најчесто се независни или квазинезависни, во случај кога за својата работа одговараат пред владата или пред определен министер.

3. Агенции за едукација и поддршка - нивната работа е главно насочена кон подготвување на материјали за јавна едукација, што вклучува кампањи за подигнување на свеста на граѓаните против корупцијата, обезбедување на интеракција со граѓанскиот сектор или соработка со бизнис-заедницата.

4. Агенции кои менаџираат антикорупциски стратегии - тие честопати имаат форма на мултидисциплинарни комисии или работни групи и одбори, составени од претставници од разни институции, кои се состануваат по потреба.

5. Антикорупциски агенции со повеќе цели - најчест модел на независна антикорупциска служба, која е добро кадровски и материјално обезбедена. Овие служби се ослободени од политичко влијание, имаат широки овластувања за истражување на корупцијата и за подигнување на обвинение за коруптивни случаи, за замрзнување на имотот со можност од јавните институции да бараат да ги реформираат процедурите и да го намалат ризикот од корупција, да соработуваат со бизнис-заедницата, да вршат обука на јавноста и мобилизација на јавната поддршка (пример за таков вид на служба е Независната комисија против корупцијата од Хонгконг, која е една од најефикасните служби и служи како модел во светот).

Без оглед на видот, независноста на антикорупциските служби се посочува како едно од најсуштествените прашања и како услов за успешна борба против корупцијата и за отстранување на политичкото влијание врз работата на овој орган. И додека независноста на антикорупциските служби се смета за релативно прашање, постои генерален консензус дека овие служби треба да бидат деполитизирани.

## Статусот на антикорупциските служби во регионот

### Албанија - Група за антикорупциски мониторинг

Ова тело беше формирано во 2000 година, а беше составено од Управен одбор и од постојан антикорупциски оддел. Управниот одбор го сочинуваа претставници од министерствата за правда, за внатрешни работи, за финансии, од јавното обвинителство, државниот ревизор, омбудсманот, како и претставници од граѓанскиот сектор и од бизнис-заедницата. Телото беше координирано од министер, што значи дека беше под целосна контрола на Владата и тешко можеше да се очекува дека ќе отпочне постапка против министер или против друг висок владин функционер вклучен во коруптивни практики. Ова тело беше укинато во 2005 година, по смената на власта. Потоа е формиран Директорат за внатрешна ревизија и антикорупција (ДИАЦ), во рамките на кабинетот на премиерот. Ова тело е задолжено за внатрешна административна контрола и за превентивно и аналитичко работење за борба против корупцијата. Со оглед на тоа дека и ова тело е под директна ингеренција на премиерот, не спаѓа во независните и самостојни агенции.

Покрај ова, со законот донесен во 2003 година, формиран е Висок инспекторат за пријавување и контрола на имотната состојба. Го раководи генерален инспектор, кој го избира Собранието на предлог на претседателот на државата, со што се осигурува негова поголема самостојност и независност. Поради високиот степен на корупција во оваа земја, меѓународната заедница бара да се формира антикорупциска агенција која би била независна и надвор од чадорот на Владата.

### Босна и Херцеговина

Сè уште нема формирано антикорупциска агенција. Во проектот насловен како The Anticorruption and Public Integrity Program, кој е изработен со помош на стручна странска помош, предвидено е формирање на антикорупциска агенција и работите на овој план се во тек. При ова се користи искуството од Словенија.

### Хрватска - Уред за спречување на корупцијата (УСКОК)

Новиот закон за Уредот за спречување на корупцијата и организиран криминал е донесен во јули 2009 година. УСКОК за првпат е формиран во 2001 година. Ова антикорупциско тело спаѓа во видот на оние кои имаат надлежност за преземање истражни дејства и обвинување за кривични дела поврзани со корупција и организиран кри-

минал. УСКОК функционира во рамките на Државното обвинителство на Хрватска и таквата поставеност ја проблематизира неговата независност, бидејќи е под директна контрола на главниот државен обвинител и на Министерството за правосудство. Со УСКОК раководи директор, кој може да биде именуван од редот на замениците на главниот државен обвинител. Го именува главниот државен обвинител по претходно мислење од министерот за правосудство и од Колегиумот на државното обвинителство. Тој може да биде разрешен од функцијата со разрешувањето на главниот државен обвинител (што зборува за неговата зависност), како и во случај да одбие или да попречува да му се изврши проверка на имотната состојба. Директорот на УСКОК има права и должности како државен обвинител. Буџетот на УСКОК е во рамките на буџетот на Државното обвинителство, што не дозволува преголема слобода и независност во располагањето со средствата за негово функционирање.

Отсуството на независност на директорот на УСКОК се манифестира и во тоа што актот за систематизацијата на работните места го донесува со претходна согласност на министерот за правосудство, додека неговата работа ја оценува главниот државен обвинител.

## Словенија - Комисија за спречување на корупцијата

Основана е во 2004 година, со донесувањето на Законот за спречување на корупцијата. Комисијата се состои од претседател, заменик-претседател и тројца членови. Претседателот и заменик-претседателот на Комисијата ги именува Народното собрание, на предлог на Претседателот на државата од редот на пријавените кандидати на јавниот оглас, а останатите три члена на Комисијата ги именува Народното собрание. Шест месеци пред истекот на нивниот мандат, Претседателот на државата иницира постапка за јавен оглас за селекција на нови кандидати. За да се обезбеди избор на стручни и искусни лица, предлозите за кандидати мора да бидат образложени со приложени писмени докази. Покрај другите критериуми, претседателот, неговиот заменик и членовите на Комисијата мора да имаат најмалку десет години работно искуство и да уживаат јавна доверба за вршење на функцијата. Мандатот е шест години, без право на повторен избор. Нивната функција, во согласност со законот, е неспојлива со вршење друга јавна функција, функција во локалната власт, во политичка партија или синдикална организација, работа во локална власт или во институција која врши работи од јавен интерес. Претседателот и заменик-претседателот се вработени во Комисијата и функцијата ја вршат со полно работно време, додека членовите на Комисијата (кои се универзитетски професори) можат да ја извршуваат функцијата со неполно работно време. Ваквиот статус, покрај целосно ангажирање во вршењето на функцијата и зголемување на ефикасноста на Комисијата, спречува и конфликт на интереси и неспојливост на функцијата со друга функција или должност.

Вработените во стручната служба на Комисијата имаат својство на државни службеници. Средствата за функционирање на Комисијата се предвидени во буџетот на државата, на нејзин предлог, и со нив таа автономно располага.

Претседателот и членовите, покрај другите причини утврдени во законот, можат да бидат разрешени предвреме доколку се вклучени во активности кои се неспојливи со вршењето на функцијата или поради повреда на Уставот или на законот.

Имајќи предвид дека секој орган треба да е подложен на контрола од друг орган, директна контрола врз активностите на Комисијата за спречување на корупцијата (меѓу другото, во однос на неспојливоста на функцијата, ограничување на примањето подароци, контрола врз имотната состојба на лицата кои подлежат на оваа обврска и др.) ја врши комисија формирана од Народното собрание. Собраниската комисија се состои од претседавач и шест члена, од кои претседавачот и три члена припаѓаат кон опозицијата, а одлуките се носат со мнозинство на гласови. Антикорупциската комисија на Словенија се смета за една од најуспешните, не само во регионот, туку и пошироко.

## Србија - Агенција за борба против корупцијата

Законот за Агенција за борба против корупцијата (во натамошниот текст: Агенција) е донесен во октомври 2008 година, а Агенцијата започна со работа на 1 јануари 2010 година. Пред тоа, постоеше Совет за спречување на корупцијата, формиран со одлука на Владата. Законот ја дефинира Агенцијата како самостоен и независен државен орган, кој има својство на правно лице. За својата работа, Агенцијата одговара пред Народната скупштина на Србија. Средствата за нејзиното функционирање се обезбедени во Буџетот на Република Србија, како и од други извори во согласност со законот.

Органи на Агенцијата се Одбор и директор. Одборот го избира и го разрешува директорот на Агенцијата, врши надзор врз работата и имотната состојба на директорот, одлучува по жалбите изјавени против одлуките на директорот, а врши и други работи утврдени во законот. За член на Одборот може да биде избрано лице кое, покрај општите услови за работа во државните органи, мора да има завршен факултет и најмалку девет години работно искуство. Притоа, законот забранува за член на Одборот да биде избрано лице кое е член на политичка партија, покрај другите забрани кои се однесуваат за функционерите. Одборот има девет члена, а ги избира Народната скупштина на предлог на: Административниот одбор на Народната скупштина; Претседателот на државата; Владата; Врховниот касационен суд; Државната ревизорска институција; здруженијата за заштита на граѓаните и Повереноството за информации од јавен карактер, по пат на заеднички договор; Социјално-економскиот совет; Адвокатската комора на Србија и Здруженијата на новинари на Србија – по пат на заеднички договор. Мандатот на членовите на Одборот е четири години, со право за уште еден реизбор. Членовите на Одборот имаат право на месечен надоместок во висина на две нето просечни плати во Република Србија. Мандатот на членот на Одборот, покрај другите услови утврдени во законот, му престанува и поради несовесно вршење на функцијата, доколку стане член на политичка партија или го наруши угледот на Агенцијата. Одлуката за разрешување, на предлог на Одборот, ја донесува Народната скупштина. Со работата на Одборот раководи претседател кој го избираат меѓу себе членовите на Одборот. За директор може да биде избрано лице кое, покрај општите услови за работа во државен орган, има завршено правен факултет, има најмалку девет години работно искуство и не е член на политичка партија. Директорот се избира на јавен конкурс, кој го распишува Одборот на Агенцијата. Мандатот на Директорот е пет години и може да биде реизбран уште еден мандат. Директорот може да биде разрешен од истите причини како и членовите на Одборот. Директорот има заменик кој, исто така, се избира на јавен конкурс со ист мандат и критериуми како и директорот. Директорот и неговиот заменик се вработени во Агенцијата. Платата на директорот е на ниво на плата на министер, а на неговиот заменик на ниво на платата на државните секретари. Поставеноста и начинот на избор на

членовите на Советот и директорот би требало да обезбедат независност од политичко влијание и одбегнување на конфликт на интереси, но и поголема одговорност, независност и транспарентност во извршувањето на функцијата.

## Црна Гора - Агенција за антикорупциска иницијатива

Основана е со уредба на Владата на Црна Гора во 2001 година. Во 2004 година е донесена и Уредба за организација и начин на работа на државната управа, врз чија основа е формирана и Управата за антикорупциска иницијатива, која до ноември 2007 година ги вршеше работите на: пропагандно-превентивно делување заради уништување на корупцијата, предлагање на владата, заклучување и примена на европските и други меѓународни стандарди од оваа област, унапредување на транспарентноста на деловните операции и др.

Надзор над работата на агенцијата врши Министерството за финансии. Надлежноста на Управата е проширена со дополнувањето на Уредбата за организацијата и начинот на работа на државната управа во 2007 година, со тоа што овој орган сега работи и врз: подигнување на јавната свест за проблемот на корупцијата и вршење на истражување за обемот на корупцијата, соработка со невладиниот и со бизнис-секторот за уништување на корупцијата, донесување на акциски план за превенција на корупцијата и вршење и други работи од превентивен и едукативен карактер. Со Управата раководи директор.

Според статусот кој го има оваа агенција формирана со уредба на владата, а не со закон, и според тоа што делува во рамките на Министерството за финансии и за својата работа одговара пред министерот за финансии и пред Владата, оваа агенција спаѓа во редот на оние кои немаат независност и самостојност при вршење на функцијата.

## Косово - Антикорупциската агенција на Косово

Основана е во 2004 година, врз основа на Законот за спречување на корупцијата. Средствата за Агенцијата се обезбедени од државниот буџет. Со Агенцијата раководи директор кој, покрај другите услови, треба да е постар од 35 години. Мандатот на директорот е пет години и може да биде реизбран уште еднаш. Директорот се избира по пат на јавен оглас, а го именува Собранието, во најтесен избор од двајца од сите пријавени кандидати. Ако изборот не се изврши од предложените кандидати, се повторува целата постапка. Според законот, функцијата директор на Агенцијата е неспојлива со која било друга функција во Владата, во Собранието, во локалната самоуправа, во политичка партија или синдикално здружение, како и со која било работа во јавни домашни или меѓународни организации. Ваквите критериуми треба да овозможат одбегнување на конфликт на интереси и исклучување или ограничување на влијание од центрите на моќ, како предуслов за независност и самостојност при вршењето на функцијата.

Директорот може да биде разрешен, меѓу другото, ако не ја извршува функцијата, ако ја врши на начин што е неспојлив со позицијата или ако го повреди законот при вршењето на своите обврски. Директна контрола врз Агенцијата врши совет кој се состои од 9 члена, од кои: три именува Собранието на Косово, а по еден член именуваат Претседателот на државата, Владата, Јавното обвинителство, локалната власт и граѓанскиот сектор. На членовите на советот им следува надоместок за нивниот ангажман. Мандатот на членовите на советот е две години, а можат да бидат реизбрани. Советот има претседател и заменик-претседател кои се избираат од членовите на советот за период од две години. Советот му го предлага на Парламентот и списокот со двајца кандидати за избор на директор. Советот врши контрола врз работата на Агенцијата и по однос на имотната состојба на вработените во Агенцијата.

## Македонија - Комисијата за спречување на корупцијата (ДКСК)

Формирана е во 2002 година, по донесувањето на Законот за спречување на корупцијата и како и другите комисии од регионот (освен хрватската УСКОК), спаѓа во комисии со превентивен карактер. Комисијата се состои од 7 члена именувани од страна на Собранието на Република Македонија, пред кое одговараат за својата работа. Со тоа се смета дека Комисијата е де јуре независна, бидејќи не е избрана од Владата. Како критериум за избор на членовите на Комисијата, предвидено е тие да имаат завршено правен или економски факултет, да имаат најмалку 8 години работно искуство и да уживаат углед во вршењето на функцијата. За да се обезбеди поголема конкуренција за избор и независност, со измените на законот од 2006 година, членовите на ДКСК се избираат на јавен оглас, а предлог-листата од пријавените кандидати ја изработува Комисијата за избор и именување, која ја доставува до Собранието за именување. Според законското решение, ДКСК одговара пред Собранието, пред кое поднесува годишен извештај. Членовите на Комисијата самите го избираат претседателот од своите редови, со мандат од една година, што ќе овозможи ротирање на членовите на оваа функција.

Членовите на ДКСК не се во работен однос во Комисијата, за нивниот ангажман примат надоместок во висина утврдена во законот, а истовремено се вработени на друго место – како државни службеници или дури и на други раководни места во јавни институции. ДКСК има својство на правно лице со Секретаријат, чии вработени имаат статус на државни службеници.

Статусот на членовите на ДКСК уште од формирањето на Комисијата е во фокусот на експертската јавност, поради сомневање за постоење конфликт на интереси и неспојливост на функцијата, но и за недоволна ефикасност на Комисијата. Законското решение за статусот на членовите на ДКСК (да не се во работен однос во Комисијата) ја прави комисијата уникатна во однос на другите антикорупциски агенции не само во регионот, туку и пошироко. Предлози за измена на ова решенија имаше во 2006 година, но не се усвоија. Оправдувањата дека професионалниот ангажман на членовите во Комисијата би влијаел врз нивната непристрасност и независност бидејќи ќе примаат плата од државниот буџет и поради тоа ќе бидат зависни од власта, се покажаа како апсурдни и неодржливи, ако се земе предвид дека и надоместокот што сега го примаат, како и другите трошоци на членовите на Комисијата, исто така се плаќаат од буџетот. Треба да се има предвид и дека независноста, непристрасноста, професионализмот и самостојноста при извршувањето на функцијата зависат исклучиво од личниот интегритет и способност на членовите на Комисијата, а не од тоа дали се вработени во Комисијата или не. Од друга страна, практиката покажува дека на сите други антикорупциски агенции, средствата за платите на членовите кои се вработени во нив им се обезбедуваат, исто така, во државниот буџет, што апсолутно не влијае врз нивната независност, успешност и непристрасност при вршењето на своите обврски. Оттука се смета дека за отстранување на постоечките аномалии во работата на ДКСК, потребна е промена на сегашниот статус на членовите на ДКСК, на постапката за нивни избор, на контролата врз нејзината работа и на критериумите за разрешување на членовите, според искуствата и решенијата од други земји.

# КАКО МЕДИУМИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ДА ИЗВЕСТУВААТ ЗА КОРУПЦИЈАТА ПОПРОФЕСИОНАЛНО, ПОНЕЗАВИСНО И ПООБЈЕКТИВНО?

*Мониторингот и анализата на начинот на којшто медиумите во Македонија информираат за корупцијата упатуваат на генералната оценка дека тие не ја остваруваат својата улога во борбата против корупцијата и дека сè уште постои широк простор за унапредување на професионалноста и на начинот на известување за корупцијата.*

Медиумите се моќно оружје во борбата против корупцијата. Тие имаат доминантно влијание во креирањето на перцепцијата за корупцијата во општеството и за односот на носителите на власта кон корупцијата – дали ја толерираат или се борат против неа. Преку професионалното и квалитетно известување за корупцијата, медиумите придонесуваат кон зголемување на свесноста за штетноста на корупцијата и на притисокот врз носителите на јавно доверената моќ за транспарентност, отчетност, одговорност и преземање мерки за разрешување на корупциските случаи.

Фактот што станува збор за нискоризична и високоисплатлива активност во која учесниците имаат заемен интерес да молчат за делото – придонесува за раширеност на корупцијата и за тешкиот пат на медиумите до информации со кои може да се открие или да се докаже корупцискиот случај. Оттука е и наметната потребата од поголема упорност и темелност во истражувањето на овие случаи.

Се разбира дека фактот колку медиумите навистина ќе ја играат улогата на контролор на корупцијата зависи од политичкиот, економскиот и законскиот амбиент во кој делуваат. Главни фактори што ги определуваат ефективноста и успешноста на медиумите во нивната борба против корупцијата се слободата на говорот, пристапот до информациите, сопственоста, конкурентноста, кредибилитетот и достапноста на медиумите.

Сè уште недоволниот капацитет на медиумите и новинарите во Македонија за откривање и истражување на корупцијата е еден од главните проблеми посочени во Државната програма за превенција и репресија на корупцијата. За надминување на овој проблем, програмата упатува на „спроведување анализа за пропустите кај медиумите, подготовка на програми за обука, како и тренинг за истражувачко новинарство“.

Токму во оваа насока, во 2009 година се спроведе Мониторинг на медиумското известување за корупција во Македонија од страна на Центарот за граѓански комуникации, како појдовна основа за длабинска содржинска анализа на написите за корупција во медиумите, со цел да се детектираат слабостите и да се понудат конкретни препораки и обука за подобрување на новинарските и медиумските стандарди во известувањето за корупцијата, како и за зајакнување на капацитетот на медиумите за спроведување на нивната улога во борбата против корупцијата.

## МОНИТОРИНГ И ЗАКЛУЧОЦИ

Предмет на директен мониторинг беа написите за корупција објавени од 1 јануари до 31 декември 2008 година, во пет дневни весници. Во мониторингот беа вклучени вкупно 1039 написи кои се однесуваат на корупцијата, корупциските практики, обвинувањата и сомничењата за корупција, злоупотребата на јавни средства, како и на преземените антикорупциски мерки, активности и политики. Имајќи ги предвид опфатот, обемот и начинот на мониторирање, станува збор за најопфатен и најпродлабочен мониторинг досега спроведен во земјава, единствен од овој вид, кој нуди релевантни квантитативни и квалитативни показатели за начинот на кој медиумите информираат за корупцијата.

Резултатите од мониторингот беа претставени пред дваесетина уредници од најрелевантните медиуми во земјава кои, врз основа на анализата, предлагаа препораки за мерките што треба да се преземат за унапредување на известувањето за корупција во Македонија. Препораките беа доставени до сите медиуми, а врз нивна основа се одржа и обука за истражувачки новинари од водечките медиуми во земјава.

Резултатите од мониторингот и анализата на начинот на којшто медиумите информираат за корупцијата упатуваат на генералната оценка дека **медиумите во Македонија не ја остваруваат својата улога во борбата против корупцијата** и дека сè уште постои широк простор за унапредување на професионалноста и на начинот на известување за корупцијата.

Клучниот недостиг на сегашното известување на медиумите за корупцијата, од професионален аспект, е **непочитувањето на основните професионални стандарди во новинарството**. Во голем дел од текстовите отсуствуваат извори, како и основни новинарски принципи, што е предуслов за фер и балансиран пристап.

Освен тоа, изненадува и **недоволното присуство на истражувачкото новинарство** во оваа област, како речиси единствен начин за откривање и обелоденување на корупциските активности. Тие, според природата на нештата, не сакаат да бидат откриени и оттука е потребно медиумите да вложат дополнителен напор за да ги разоткријат. Проблемот е уште посериозен ако се има предвид дека овој заклучок произлегува од мониторинг што е спроведен врз печатени медиуми, кои според својата природа треба да нудат поистражувачки и поаналитички текстови. Од друга страна, немајќи вакви важни информации, публиката (граѓаните) не може да носи релевантни одлуки за важни прашања од својот приватен, работен и општествен живот.

Имајќи предвид дека од една страна има голем број написи за корупција, а од друга страна тие не се темелат врз новинарски истражувања и не се продлабочено и аналитички обработени, туку се иницирани од државните органи, може да се констатира дека во јавноста се создава впечаток оти медиумите имаат слобода отворено и без притисоци да информираат за корупцијата, а тие, всушност, **креираат искривена слика за проблемите со корупцијата во Македонија.**

Оваа генерална оценка произлегува од следниве заклучоци од мониторингот:

- **Корупцијата е застапена како тема во македонските медиуми,** што значи дека кај нив постои интерес да пишуваат и да објавуваат текстови поврзани со корупцијата и на тој начин да го задоволуваат и интересот на својата публика за оваа тема.

- Исклучително малиот број текстови поттикнати од сознанија до кои дошол новинарот преку оригинално и самостојно истражување (само 8% од текстовите), а од друга страна доминантниот број на текстови поттикнати од некој настан (апсење, судење, соопштение, конференција за печат и сл.), упатува на заклучокот дека **недостига истражувачко новинарство во оваа значајна област, а со тоа е оставен широк простор за злоупотреба на медиумите од страна на „креаторите“ на таквите настани**. **На овој начин, медиумите не ја остваруваат својата улога на контролори на власта.**
- Совпаѓањето на малиот број текстови за корупција кои потекнуваат од самостојно и оригинално истражување на новинарот и текстови кои се објавени или барем најавени на насловната страница (само 20% од текстовите) упатува на заклучокот дека **медиумите би имале повеќе текстови за објавување на насловната страница ако имаат и повеќе самостојни и оригинални истражувања**. Освен тоа, доколку медиумите имаат повеќе сопствени истражувања и анализи за корупција, ќе можат да ги објавуваат тие текстови на почетните неколку страници, наместо сегашното доминантно објавување во рубриката „Хроника“/„Црна хроника“ (43% од текстовите).
- Фактот што станува збор за претежно кратки вести и извештаи (86% од текстовите) упатува на заклучокот дека **темите поврзани со корупцијата се третираат површно и информативно, без подлабоки, посеопфатни и подетални анализи и истражувања**, односно само како пренесување на вести од некој настан.
- **Написите за корупција страдаат од недостиг на веродостојност, релевантност, доверба и кредибилитет**, бидејќи во најголем број не се потпишани од новинарот што е автор на текстот (69% од текстовите), немаат автентична фотографија од тврдењето или од актот на корупција (84% од текстовите), ниту пак нудат докази и потврда на тврдењата за корупција (70%). Ова е една од најсериозните забелешки во мониторингот, која укажува на недоволно сериозен пристап на медиумите кон огромниот проблем со корупцијата во Македонија.
- Тоа што голем дел од текстовите за корупција имаат само еден извор (40%), ја консултираат само едната страна во приказната (52%) и не го консултираат актерот кој се сомничи за корупција (72%), односно тоа што **новинарите безрезервно ги земаат изјавите на оние што ги креираат настаните, повторно зборува за непрофесионален пристап и остава голем простор за злоупотреба и манипулација со медиумите**. Известувајќи на овој начин, медиумите не спроведуваат во своето работење некои од основните професионални стандарди во оваа област: фер и балансиран пристап кон актерите во приказните, што значи консултирање на сите страни во приказната и нивни балансиран, односно непристрастен третман.

**ПРЕПОРАКИ**

Врз основа на резултатите и заклучоците од мониторингот, а по претходно усогласување со уредниците на медиумите, Центарот за граѓански комуникации ги предложи следниве препораки за унапредување и за зајакнување на улогата на медиумите во борбата против корупцијата во Македонија:

- **Медиумите да продолжат секојдневно да известуваат за корупцијата, но со примена на техниките на истражувачкото новинарство и со поголемо користење на можностите што ги нудат новите технологии.** Имајќи предвид дека учесниците во корупцијата имаат заемна корист, а со тоа и заемен интерес да молчат, речиси е невозможно корупциските случаи да бидат откриени без примена на техниките на истражувачкото новинарство.
- **Медиумите, односно нивните уредници и сопственици, многу повеќе да го поддржуваат и да го охрабруваат истражувачкото новинарство** како докажана ефективна алатка за борба против корупцијата во земјата, со што, во крајна линија, директно се зголемуваат кредибилитетот, популарноста и приходите на медиумите. Со зголемување на бројот на истражувачки приказни за корупција, **медиумите многу повеќе ќе бидат во можност да ги најавуваат истражувачките приказни на насловните страници и во ударните вести**, со што натаму ќе се зголеми нивната популарност, а со тоа и нивната публика.
- **Медиумите да насочуваат повеќе ресурси (луѓе, опрема и сл.)** во новинарското истражување и известување за корупцијата, како и повеќе да ги користат расположливите (меѓународни и домашни) фондови за поддршка на истражувачкото новинарство.
- **Медиумите да вложуваат во унапредување на вештините и знаењата на своите новинари, да ги поддржуваат и да ги охрабруваат во учествувањето на обуки за истражувачко новинарство** и за откривање и известување за прашањата поврзани со корупцијата.
- **Медиумите повеќе да ја користат законски гарантираната заштита** од притисоци, закани, заплашувања и уцени, заради попрофесионално, независно и објективно истражување и информирање за корупцијата. Законот за спречување на корупцијата „забранува каква било присилба, спречување или влијание на друг начин врз средствата за јавно информирање да објавуваат информации за случаи на корупција“. Натаму, на новинарот му се обезбедува и право на непречен пристап до сите извори на информации, во согласност со законот. Истиот закон предвидува дека „никој не може да ја исклучи јавноста од расправата за корупција пред надлежен орган или правно лице, освен кога се работи за претходна постапка што е прогласена за доверлива“.
- **Медиумите, секогаш кога е можно тоа, да ја поддржуваат и да ја охрабруваат практиката на потпишување на текстовите за корупција со целосното име и презиме на новинарот-автор на текстот**, со што ќе се зголемат веродостојноста на написите, личниот кредибилитет на новинарите, како и кредибилитетот и релевантноста на медиумите и довербата во нив, што повторно ќе значи и поголема публика. Од друга страна, непотпишаните текстови за корупција оставаат простор за сомневање во точноста и веродостојноста на тврдењата, како и во чесноста на намерите на медиумот или на некој од изворите за објавување на текстот.
- **Новинарите да настојуваат многу повеќе да ги консултираат актерите на корупцијата, сите спомнати или засегнати страни во приказната, како и да се обидуваат да обезбедат и да понудат докази за потврда на тврдењата и обвинувањата за корупција**. Во оваа насока, медиумите треба многу повеќе да ја користат законската одредба за заштита на изворите на информации, која предвидува дека „никој не може од

новинарот кој објавил информација за акт на корупција да бара да го открие изворот на информацијата, освен во постапка пред суд“. Од друга страна, неконсултирањето на осомничените за корупција може да значи злоупотреба на медиумот. Во овој случај, законот предвидува дека „секој којшто објавува информација за корумпираност на друг, должен е да ја почитува претпоставената невиност и принципите на вистинито, објективно и непристрасно информирање, како и други принципи на кодексот на професионална етика“. Исто така, „никој не може да користи средство за јавно информирање за лажно обвинување на друг за корупција“. Освен ова, медиумите при идното објавување на текстови за корупција треба да внимаваат да ги почитуваат барем минималните стандарди на својата професија – објавување на факти, консултирање на сите страни во приказната и нивни еднаков третман.

- **Медиумите да ја напуштат практиката на објавување текстови за корупција без ниту еден цитиран, наведен или консултиран извор**. Притоа треба секогаш да се има предвид едно од основните новинарски правила – дека новинарите се тие што ги кажуваат фактите во приказната, а изворите ги кажуваат своите ставови, мислења, чувства и сл.
- Медиумите да бидат порестриктивни кон „слепото“ и површно покривање на настаните за корупција и **новинарите да настојуваат да ги проверуваат информациите добиени од настаните, користејќи ги како повод за натамошно истражување и анализа**. Во спротивен случај, медиумите се изложуваат на опасност да служат како средства за спроведување на нечии приватни, партиски и бизнис-интереси.
- **Написите за корупција многу повеќе да бидат проследени со автентични, наместо со општи и тематски фотографии и илустрации,** со што ќе се зголеми нивната веродостојност, релевантност, автентичност и доверба. Фотографиите, исто како и пишаниот дел од текстот, се многу важен елемент кој ја надополнува приказната и ја зголемува нејзината атрактивност, особено во оваа ера на широка достапност на интересни содржини насекаде околу нас.
- **Новинарите треба да го проширууваат списокот на извори на информациите за корупција**, не останувајќи само на државните институции (полиција, судови, обвинителство и сл.). Во оваа насока, при известувањето за корупција, потребно е да се бараат извори на информации за да се навлезе подлабоко во откривање на причините и системскиот проблем што ги создале предусловите за корупција во соодветната област.
- **Новинарите поинтензивно да ги користат информациите и искуството на надлежните институции за борба против корупцијата** (Државната комисија за спречување на корупцијата, Државниот завод за ревизија, Финансиската полиција, Агенцијата за спречување на перењето пари и др.).
- **Медиумите да размислат да ангажираат правни советници** кои ќе им помагаат на новинарите во нивните текстови за корупција, овозможувајќи им да откриваат што е можно повеќе информации, а притоа не оставајќи простор за поведување судски спор против новинарите и медиумите. Во медиумите кои имаат правници, потребно е само нивно поголемо ангажирање во насока на проверка на новинарските текстови од аспект на почитувањето на законската регулатива.
- **Сопствениците на медиумите да им дадат целосна правна заштита на своите новинари во судските процеси кои се водат против нив** поради објавени текстови за корупција. На тој начин, новинарите повеќе ќе се охрабрат да истражуваат и да известуваат за корупцијата, чувствувајќи се сигурни дека медиумот стои зад нив и напуштајќи ја автоцензурата, која се јавува од страв дека во случај на судски спор, сами ќе ги сносат евентуалните казни.



# ИСТРАЖУВАЊЕ

## Широк простор за унапредување на процесот на јавни набавки во Македонија

Центарот за граѓански комуникации од Скопје, во периодот од ноември 2008 до ноември 2009 година, го анализираше спроведувањето на процесот на јавни набавки во РМ, кој е регулиран со Законот за јавни набавки. Целта на анализата е да оцени како се спроведува процесот на јавни набавки во светло на новиот Закон за јавни набавки и дали и колку функционираат основните принципи на јавните набавки: транспарентност, конкурентност, еднаков третман на економските оператори, недискриминација, законитост, економично, ефикасно, ефективно и рационално користење на буџетските средства, настојување да се добие најдобрата понуда под најповолни услови, како и отчетност за потрошените средства кај набавките.

Анализата на процесот на јавни набавки во РМ е направена врз основа на мониторинг на избран примерок постапки, кој се состоеше од вкупно 160 постапки на договорни органи на централно ниво (рамномерно распределени во 4 квартали), за чие спроведување повиците беа објавени во „Службен весник", во периодот од ноември до октомври 2009 година. Мониторингот започнуваше од објавите на повиците, преку присуство на јавните отворања, до собирање податоци за текот на постапката преку длабински интервјуа и структурирани прашалници кои им се доставуваа и на договорните органи, и на економските оператори, барања за пристап до информации од јавен карактер, анализа на податоците од извештаите и публикациите на Бирото за јавни набавки и на Државната комисија по жалби за јавни набавки, како и длабински интервјуа со другите засегнати институции.

Резултатите од мониторингот се сумирани во годишен извештај, во кој се издвоени и подетално се презентирани десетте клучни наоди од истражувањето, како и најважните препораки за изменување и дополнување на регулативата и/или подобрување на практиката за унапредување на процесот на јавните набавки. Во овој месечник ги објавуваме клучните забелешки и препораки.

### 10 КЛУЧНИ ЗАБЕЛЕШКИ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ВО МАКЕДОНИЈА

**-Недоволна транспарентност и отчетност на државните институции за трошењето на јавните пари преку постапките за јавните набавки. Низ неколку параметри се доаѓа до податокот дека процентот на институции кои не даваат отчет за јавните набавки достигнува дури 40%.**

**-Висок процент на поништени постапки за јавни набавки. Одлука за поништување на постапката е донесена во 25% од мониторираните постапки. Негативната тенденција на пораст на поништени постапки за јавни набавки ја потврдуваат и податоците од ЕСЈН.**

**-Договорните органи премногу долго вршат евалуација и одлучуваат за избор на најповолна понуда, со што непотребно ја одолговлекуваат целата постапка за јавна набавка. Во мониторираниот примерок, одлуките се донесуваа во временска рамка од 30 до 90 дена.**

**-Договорните органи често користат несоодветни и манипулативни критериуми за избор на најповолна понуда.**

**-Тендерската документација понекогаш се користи како начин за манипулација во постапките за јавни набавки.**

**-Висок износ на банкарската гаранција во понудата. Во мониторираниот примерок на јавни набавки, банкарска гаранција е побарана во преку 60% од постапките, и тоа е побаран максималниот износ од 3% од вредноста на понудата.**

**-Многу мала примена на електронските јавни набавки. Нивото на користење на ЕСЈН во текот на 2009 година изнесува само 2,5%.**

**-Висок процент на спроведени постапки во кои има мал степен на транспарентност и на примена на правилата за јавни набавки, а голем простор за манипулација.**

**-Недостига контрола во процесот на спроведување на постапките и при реализација на договорите за јавни набавки.**

**-Пораст на бројот на жалби од фирмите за одлуките за јавни набавки и на уважувањето на тие жалби од ДКЖЈН, што укажува дека договорните органи сè почесто прават грешки во постапките.**

### ПРЕПОРАКИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

**-Во Законот за јавните набавки да се вградат прекршочни одредби за ДО кои не ги почитуваат законските одредби, каква што е практиката во повеќето држави од регионот и пошироко.**

**-Во Законот за јавни набавки попрецизно да се дефинираат условите за поништување на постапката и да се воведе обврска за објаснување и аргументирање на неприфатливоста на понудите.**

**-Во Законот за јавните набавки да се определи рок за донесување на одлуката за избор или поништување, кој ќе започне да тече од моментот на јавното отворање.**

**-Договорните органи да ја почитуваат законската обврска за испраќање на образложени известувања до учесниците во постапката, за што може да се пропише унифициран образец за известување со детален приказ за начинот на евалуација и донесената одлука.**

**-Да се дополни методологијата за изразување на критериумите во бодови што ја изработува Министерството за финансии или Бирото за јавни набавки да изработи водич или препораки за избор на критериумите за избор на најповолна понуда, при што одредени (манипулативни) критериуми да не бидат предмет на бодување, туку да бидат услов за учество на економските органи во постапката.**

**-Договорните органи да посветуваат повеќе внимание и време на изработка на тендерската документација, пред сè на техничката спецификација, а БЈН да изработи унифицирани обрасци за одредени предмети на набавка.**

**-Договорните органи да ги објавуваат тендерските документации на своите веб-страници или на веб страницата на ЕСЈН и да ја напуштат практиката на наплаќање надомест за преземање на тендерската документација.**

**-Висината на банкарската гаранција да не се определува секогаш на максималните 3% од вредноста на понудата.**

**-Договорните органи почесто да го користат ЕСЈН, како**

**систем кој овозможува остварување на основните принципи во јавните набавки.**
**-Бирото за јавни набавки да изврши анализа на опфатноста, законската целесообразност, транспарентноста и конкурентноста и, доколку оцени дека е тоа опортуно, да предложи намалување на флексибилноста за користење на постапките со преговарање, а одредени видови неприоритетни услуги, врз кои практиката покажува дека може да се применат правилата за јавни набавки, да се исфрлат од оваа група.**
**-Бирото за јавни набавки да се вклучи во контрола на законитоста на постапките за јавни набавки.**
**-Да се пропишат правила што ќе ја регулираат фазата на реализација на склучените договори за јавна набавка.**
**-Да се предвиди посебен тип ревизија на јавните набавки.**
**-Извештаите на Бирото за јавни набавки за системот за јавните набавки посеопфатно да ги анализираат и да ги коментираат сите елементи на јавните набавки.**
**-Договорните органи да обезбедат континуитет во работата на лицата кои поминале соодветни обуки во областа на јавните набавки.**
**-Државната комисија за жалби по јавните набавки да продолжи да ги објавува решенијата по жалби на својата веб-страница и детално да ги образложува своите решенија.**
**-Во Законот за јавните набавки да се пропише дека ДКЖЈН по службена должност ќе ги поништува обжалените постапки во кои договорните органи не ја доставиле бараната документација.**



## ЕЛЕКТРОНСКИТЕ ЈАВНИ НАБАВКИ КАКО БАРИЕРА ЗА КОРУПЦИЈАТА – РЕАЛНОСТ ИЛИ МИТ?

*Електронските системи, вклучително и е-набавките, се само можност за намалување на корупциите активности, но не и за целосна елиминација на корупцијата во јавните набавки. Причина за ова е што во постапките за јавни набавки не може целосно да се елиминира човечкиот фактор. Оттука се поставува прашањето: како може системите за е-набавки да ја намалат корупцијата?*

Јавните набавки се област во која се трошат големи средства, пред сè пари на даночните обврзници. Јавните набавки се област во која е ангажиран броен административен кадар што учествува во нивната подготовка и реализација. Јавните набавки бараат посветеност на луѓе и средства во компаниите, чие деловно работење зависи и е насочено кон тргување со органите кои набавуваат. Очигледно, во јавните набавки се вклучени многу играчи, секој со различен интерес, а се трошат и многу ресурси (човечки, временски и парични).

Имајќи ги предвид овие неспорни факти, луѓето кои ги креираат политиките почнаа да бараат начини како поуспешно да се применуваат и да се остваруваат основните принципи во јавните набавки: транспарентност, недискриминација, ефикасност и рационалност. Во почетокот на минатата декада, подемот на ИКТ придонел експертите во Европската Унија да ги согледаат можностите за примена на електронски средства и во областа на јавните набавки. Првите пишани правила за е-набавки на ниво на ЕУ се појавија во директивите од 2004 година. Целта е преку нивно зголемено користење (очекувањата се 50% користење до 2010 годи-

на) да се подобри ефикасноста, да се остварат значителни заштеди на буџетски средства и да се намали корупцијата. Корупцијата е појава присутна во областа на јавните набавки на светско ниво, со тоа што некаде е повеќе, а некаде е помалку изразена.

Неколку збора околу терминот *е-набавки* заради негово правилно разбирање. *Електронски јавни набавки* не претставува објавување на информации поврзани со конкретни постапки за јавни набавки на Интернет. Електронските јавни набавки подразбираат можност за комуникација и интеракција меѓу учесниците во постапките. Објавувањето на огласот за јавна набавка на Интернет е добар чекор напред кон подобрување на информираноста, но не е доволен за да се каже дека претставува спроведување на е-набавка. Но, доколку поднесувањето на понудата од страна на понудувачот, креирањето записник од јавно отворање или испраќањето на одлуката за избор до учесниците се автоматизираат и се спроведуваат ,онлајн', тогаш може да се каже дека се работи за електронска јавна набавка.

Голема илузија претставува гледиштето дека електронските системи, вклучително и е-набавките, ја елиминираат корупцијата! Можност за намалување на коруптивните активности – да; можност за целосна елиминација за корупцијата во јавните набавки – не! Причина за ова е што во постапките за јавни набавки не може целосно да се елиминира човечкиот фактор. А онаму каде што е присутен тој има голем простор за корупција. Системите за електронски јавни набавки не може да го заменат човечкиот „инпут" во изработката на тендерските документации и технички спецификации, ниту пак да помогнат при нивна изработка. Системите за електронски јавни набавки не може да ги евалуираат и да ги бодуваат субјективните критериуми, како што се, на пример, квалитетот и естетските карактеристики. А, токму начинот на кој ќе се формулира тендерската документација и техничката спецификација и начинот на кој ќе се изврши евалуацијата и бодувањето на субјективните критериуми се местата за кои досегашната практика покажала дека даваат простор за најголемите манипулации.

При составувањето на тендерската документација, може да се вметнат критериуми и услови за учество на понудувачите преку кои очигледно или прикриено се сака да се намали конкуренцијата и да се фаворизираат одредени понудувачи. На пример, поставување услов дека понудувачот мора да има одреден годишен обрт кој воопшто не е мал или дека ќе се доделуваат голем број бодови за гаранција, притоа знаејќи дека само мал број понудувачи имаат толкав обрт на средства или дека само претпочитаниот понудувач нуди подолга гаранција. И во двата случаи овие услови може да бидат целосно ирелевантни за оценка на понудувачот, односно на понудата, но се поставуваат за да се фаворизира одредена понуда. Кога се евалуира квалитетот на понудата, не постои формула според која се водат комисиите за јавни набавки, туку е оставено на нивната дискреција да определат колку од максималните можни бодови ќе бидат доделени, што, се разбира, води кон можности за манипулација. Електронските средства, засега, не можат да се искористат при изборот на условите и критериумите, ниту пак да помогнат во евалуацијата на оние критериуми за кои не постои формула. Тие едноставно служат за евидентирање (запишување) на избраните критериуми и доделените бодови.

Во таков случај, се поставува прашањето: како може системите за е-набавки да ја намалат корупцијата? Во кои сегменти е-набавките придонесуваат за намалување на злоупотребите и на коруптивните активности во јавните набавки? Голема предност која ја нудат електронските средства се можноста за т.н. следење (traceability) на преземените дејствија. Во кој било момент овластеното лице може да провери во базата на податоци какво дејствие било преземено, времето на преземање и лицето кое го презело. Така, ако некој од комисијата се обиде да ги промени доделените поени на одреден економски оператор, за тоа дејствие ќе има запис (трага) во системот, која едноставно не може да се избрише. Уништувањето на одреден документ во хартиена форма или негова замена со нов (на пример, извештајот од евалуацијата) може многу полесно да се направи без притоа некој да забележи.

Понудите се заштитени од какво била можност за нивно предвремено отворање или менување во текот на евалуацијата. Заштитата се врши на тој начин што од моментот на нивно поднесување, тие се криптирани (шифрирани) и во таа форма се чуваат сè до моментот на јавно отворање, кога се декриптираат (се дешифрираат). Со едноставен речник кажано, сè додека се шифрирани, нив никој не може да ги отвори, односно и да бидат отворени, тие се нечитливи, бидејќи содржината е во форма на „хиероглифи". Откако ќе бидат официјално отворени и прочитани, нивната заштита од можно менување на содржината или каква било друга злоупотреба е оневозможена, бидејќи тие се електронски потпишани. Електронското потпишување со дигитален сертификат овозможува не само да се утврди идентитетот на лицето што ја составило и ја испратило понудата, туку и таа да не може да биде променета. Секој обид за менување, макар и на една точка, ќе биде или целосно оневозможен, или ќе биде евидентирано и укажано дека е извршена промена на оригиналниот документ, во зависност од типот на користен сертификат. Понудата поднесена во хартиена форма и запечатена во коверт до јавното отворање се наоѓа во писарница/архива и до неа имаат пристап поголем број луѓе. Можноста да се отвори ковертот предвреме, да се прочитаат податоците, да се извести конкуренцијата и повторно да се запечати ковертот, без тоа да биде од некого забележано, е далеку полесна.

Од сето ова произлегува дека електронските јавни набавки во одредени делови од постапките за јавни набавки ја елиминираат можноста од злоупотреби, манипулации и коруптивни дејствија. Тоа се оние флагрантни, директни противзаконски постапувања, како што се замена, додавање или бришење на документи и податоци. Но, е-набавките се немоќни да ја спречат пософистицираната форма на корупција, која и најтешко се докажува. Законот остава прилична слобода во изборот на критериуми, услови за учество и специфицирање на набавката, односно нивната природа ги прави зависни од човечка интервенција. Електронските јавни набавки имаат бројни други предности, каде што и резултатите се полесно видливи, а тоа се намалување на административните трошоци за учесниците, заштеди на буџетските средства и ефикасност (брзина) во постапките. И покрај тоа што е-набавките „најслаби" резултати остваруваат во борбата против корупцијата, сепак и намалувањето на можноста за корупција, која дефинитивно ја нудат електронските средства, е голем чекор напред.

Дарко Јаневски, експерт за е-набавки

**Мирослав Трајановски,** правник и експерт за јавни набавки

# ДА СЕ ВОВЕДЕ НАДЗОР И КОНТРОЛА НАД ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

*За разлика од кај нас, во другите земји, административните тела или државните органи за следење и за унапредување на процесот на јавни набавки, покрај вообичаените надлежности, имаат овластувања да вршат и надзор над самиот процес на јавни набавки, односно над постапката за доделување на договори за јавни набавки. Практиката ја наметнува потребата од овластување на Бирото за јавни набавки да врши надзор, односно контрола над процесот на јавни набавки во РМ.*



Во согласност со одредбите од член 232 од Законот за јавните набавки, ревизија на користењето и трошењето на средствата за јавни набавки врши Државниот завод за ревизија. Ревизијата ги опфаќа договорните органи (набавувачите) дефинирани во член 4 од законот, и тоа пред сè државните органи и единиците на локалната самоуправа, како и јавните претпријатија и правните лица кои се финансираат, односно трошат буџетски или јавни средства.

Наведените одредби од Законот за јавните набавки (делумно) кореспондираат со одредбите од Законот за државната ревизија, со кои, меѓу другото, се дефинира дека државната ревизија претставува и постапка на испитување на финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи, во смисла на законско и наменско користење средства. Со одредбите на Законот за државната ревизија со кои се уредуваат надлежностите на Државниот завод за ревизија, иако не е строго наведено дека тој, освен работите дефинирани со член 10 од пречистениот текст на Законот, врши и работи утврдени со друг закон, не е спорно дека Државниот завод за ревизија врши ревизија и на финансиските трансакции поврзани со јавните набавки. Меѓутоа, исто така, не треба да е спорно дека ревизијата не претставува надзор над законитоста на постапките за јавни набавки кои се во тек, туку таа е post festum контрола на финансиските трансакции поврзани со јавните набавки.

Во други земји, прашањето за контролата на јавните набавки или за надзорот над постапките кои се во тек е различно решено.

Административните тела или државните органи за следење и за унапредување на процесот на јавни набавки, покрај вообичаените надлежности, како што се следење на спроведување на законите за јавни набавки, организирање обука, особено на вработените во договорните органи и сл., имаат, помалку или повеќе, и овластувања да вршат надзор над самиот процес на јавни набавки, односно над постапката за доделување договори за јавни набавки. Ова е особено експлицитно пропишано во законите на Словачка и Албанија.

Во хрватскиот закон за јавните набавки, овластувањето за вршење на надзор е искажано на тој начин што Канцеларијата (Бирото) за јавни набавки има надлежност да врши превенција и да дава инструкции, како и да отпочнува прекршочна постапка. За остварување на овие своите надлежности, ова тело може да бара од договорните органи да му ја дадат на увид тендерската документација, како и други информации поврзани со одредена јавна набавка, во однапред определен рок (со што на овој начин практично го врши надзорот). Понатаму, ова тело издава мислења во врска со откриените неправилности и дава насоки како да се отстранат тие неправилности.

Во српскиот закон за јавните набавки пропишано е дека надлежното тело за јавни набавки ги известува органите надлежни за ревизија на јавните средства, буџетската инспекција и други органи надлежни за поведување на прекршочна постапка, како и за неправилностите во спроведувањето на постапките за јавни набавки.

За Хрватска и Србија, специфично е што надлежните органи за јавни набавки имаат надлежност да поведат и прекршочна постапка. Во Словенија, оваа надлежност е предвидена за Националната ревизорска комисија. Уште една специфична надлежност во хрватскиот и во српскиот закон е овластувањето на надлежните органи за следење и за унапредување на процесот на јавните набавки, според кое тие можат да поведат постапка пред Државната (Републичка) комисија за жалби, заради заштита на јавниот интерес.

Во врска со надзорот, треба да се спомне и решението во албанскиот закон со кое, покрај надлежноста на Агенцијата за јавни набавки да врши надзор, се предвидува и е основано посебно тело (застапник – адвокат за јавни набавки), кое исто така врши надзор над јавните набавки, но во интерес на економските оператори и за заштита на нивните права и интереси.

Кај нас, со Законот за јавните набавки од 2004 година беше пропишано дека инспекциски надзор се врши од страна на Министерството за финансии, поточно од страна на централната внатрешна ревизија, и тоа во поглед на:

- обезбедувањето средства за набавките;
- спроведувањето на постапките на набавките;
- организирањето на органите за спроведување на набавките;
- евиденцијата на набавките;
- оформувањето на документацијата за набавките и
- реализацијата на договорите.

Меѓутоа, искуството од примената на овие одредби во практиката покажа дека овој надзор не заживеа, односно не се вршеше.

Со постоечкиот Закон за јавните набавки, ваков или сличен вид надзор не е предвиден. Сепак, практиката покажува и ја наметнува потребата од вградување одредби со кои Бирото за јавни набавки ќе се овласти да врши надзор, односно контрола над процесот на јавни набавки така што ќе дава препораки и мислења кои ќе бидат задолжителни за договорните органи, како и да изрекува мерки на запирање на постапката за јавни набавки до отстранување на одредени недостатоци, и тоа во фазата до донесување на одлуката за избор на најповолна понуда.

## За Центарот за граѓански комуникации

Центарот за граѓански комуникации е невладино, непрофитно и непартиско здружение на граѓани чија главна мисија е да ја подобрува и развива комуникацијата меѓу сите општествени фактори во Република Македонија за процесите од поширока општествена важност, како и да ги набљудува, анализира и унапредува општествено-политичките и економските процеси во земјата, пред сè од областа на антикорупцијата, локалната самоуправа и економскиот развој.
Центарот за граѓански комуникации ја остварува својата мисија преку организирање и спроведување на истражувања, анализи, мониторинзи, обуки, семинари и трибини, како и издавање извештаи, публикации и прирачници за работа.
Во своето петгодишно дејствување, Центарот за граѓански комуникации ја фокусира својата работа врз две групи на меѓусебно поврзани активности: мониторинг и откривање на корупциски практики и врз основа на тоа препорачување на мерки и политики за намалување на просторот за корупција и унапредување на способноста на новинарите и на посебната улога на медиумите во борбата против корупцијата во земјава.
Позначајни активности кои се спроведени или се спроведуваат во оваа насока се:

**Проект за транспарентно локално владеење (2009-2012)**
Проектот развива механизми за зголемување на транспарентноста, отчетноста и одговорноста на локалните самоуправи во Македонија, поттикнување на поголемо учество на граѓаните и на локалната бизнис заедница во процесот на одлучување во локалните самоуправи и размена на најдобри практики и искуства меѓу општините како во земјава така и во регионот. Проектните активности ќе придонесат кон намалување на нивото на корупција во локалните заедници и кон засилување на довербата на граѓаните и бизнис претставниците во локалните власти. Проектот се спроведува во партнерство со невладините организации ЕХО од Штип и НВО Инфо-центар од Скопје, а е финаниски поддржан од УСАИД Македонија.

**Мониторинг на јавните набавки на централно и на локално ниво (2008-2010)**
Проектот го анализира спроведувањето на процедурите и системот на јавни набавки во земјава во светло на новиот Закон за јавни набавки, а од аспект на транспарентност, конкурентност, еднаков третман на економските оператори, недискриминација, законитост, економично, ефикасно, ефективно и рационално користење на буџетските средства, настојување да се добие најдобрата понуда под најповолни услови, како и отчетност за потрошените средства при јавните набавки. Се следат и анализираат 160 случајно избрани постапки за јавни набавки годишно, преку директно следење на отворањето на понудите, длабочински интервјуа со понудувачите и со органите кои ги распишуваат набавките, прибирање информации од Бирото за јавни набавки и од другите вклучени институции. Резултатите од мониторингот вклучуваат и препораки за унапредување на процесот на јавни набавки. Проектот е финансиски поддржан од ФИООМ.

**Засилување на улогата на медиумите во борбата против корупцијата (2008-2009)**
Проектот ги унапредува новинарските стандарди за истражување и известување за корупцијата и го засилува капацитетот на медиумите за остварување на нивната улога во борбата против корупцијата. Појдовна основа е длабочинска анализа за начинот на кој македонските медиуми известуваат за коруцијата и за детектирање на главните слабости во тоа известување. Врз таа основа се извлекуваат препораки за унпаредување на новинарските стандарди, чие спроведување се обезбедува преку тренинг на 12 истражувачки новинари од водечките медиуми во земјава. Со овие активности се надминува еден од главните проблеми детектирани во Државната стратегија за намалување на корупцијата – несоодветно покривање на корупцијата од страна на медиумите. Проектот е финансиски поддржан од УСАИД Македонија.

**Мерки за намалување на корупцијата во Македонија (2007-2008)**
Откако со првата фаза од проектот беа утврдени најранливите области на корупција во Македонија,  преку овој проект се создадени и препорачани вкупно 156 конкретни мерки кои треба да се преземат од властите за да се стесни просторот за корупција. Проектот вклучуваше споредба со најдобрите практики во другите земји, серија работилници на кои експерти и претставници на заинтересираните  страни дискутираа и предлагаа начини како да се намали просторот за корупција, приоритетизација на мерките и нивно испраќање до надлежните институции и медиумите и следење на нивното спроведување. Голем дел од мерките беа преземени, особено оние кои се однесуваа на давање независност на второстепената Државна комисија за жалби по јавни набавки која од капата на Владата се пресели во Парламентот, стекнување на независен правен статус на Бирото за јавни набавки, кое од капата на Министерството за финансии стана независен орган и сл. Проектот е финансиски поддржан од Balkan Trust for Democracy.

**Намалување на корупцијата: Размена на искуства и добри практики во истражувачкото новинарство меѓу новинари од Македонија и Романија (2008-2009)**
Во партнерство во Романскиот центар за истражувачко новинарство, 10 истражувачки новинари од Македонија се обучени од водечки тренери за истражувачко новинарство од Романија за напредните техники на истражувачкото новинарство. По обуката, новинарите престојуваа во романски медиуми каде заедно со свои колеги од Романија работеа на истражувачки приказни кои потоа ги објавија во своите медиуми во Македонија. Проектот резултираше со формирање на мрежа на истражувачки новинари во рамките на Центарот за граѓански комуникации. Проектот е финансиски поддржан од програмата Исток-Исток.

**Серија обуки за новинари од локални медиуми за истражувачко новинарство и за известување за локалната власт (2008)**
Центарот спроведе 4 регионални обуки за триесеттина новинари од локалните медиуми за унапредување на нивните способности и капацитети за истражување и известување за работата на локалната самоуправа во светло на зголемените ингеренции на локалната власт, а со тоа и зголемената улога на локалните медиуми за известување за прашања од интерес на граѓаните во општините. Проектот резултираше и со изработка на Водич за новинарско известување за претставници на локалните медиуми во Македонија. Проектот е финансиски поддржан од програмата за локална самоуправа на УСАИД Македонија.

Освен ова, Центарот за граѓански комуникации во изминатиот период објави серија Извештаи за корупцијата во Македонија (2005 и 2006), преку поддршка од Balkan Trust for Democracy, обучи цели новинарски редакции од 16 локални телевизии од земјава за известување за прашања од локален интерес, преку поддршка од Амбасадата на САД во Македонија, учествуваше во работниот тим експерти кои ја создадоа тригодишната државна стратегија за борба против корупцијата, во комисијата за доделување на наградите за добро владеење во Македонија и др.